PORSCHE
MACEDONIA

## ПОЛИТИКА НА КВАЛИТЕТ

Порше Македонија е увозник за марките Volkswagen, Audi, SEAT, ŠKODA, Porsche и Volkswagen комерцијални возила за пазарите во Република Северна Македонија и Косово. Компанијата работи од декември 2005 година како член на најголемото европско семејство за малопродажба на автомобили на австриската компанија Порше Холдинг од Салцбург. Од своето основање, целта на компанијата е да ја задржи лидерската позиција на пазарот и да постави највисоки стандарди.

Порше Македонија увезува и дистрибуира возила, оригинални делови, оригинални додатоци, специјални алати и литература за брендови од концернот Фолксваген. Најсовремените услуги во областа на мобилноста се обезбедуваат во соработка со овластени партнери, продажни и сервисни центри низ Северна Македонија и Косово.

Во центарот на нашата активност е заложбата за имплементација на електромобилноста базирана на електричните батерии како најперспективна и најдостапна CO2 неутрална технологија на пазарот со цел заштита на животната средина.

Политиката за квалитет на Порше Македонија е составен дел од деловната политика, усогласена со визијата и мисијата на компанијата и базирана на стручноста и професионалноста на нејзините вработени, висококвалитетните услуги, како и партнерството со сите релевантни чинители.

Основните принципи на политиката за квалитет на Порше Македонија се:

- Целосна примена на законските и сите други важечки услови од делокругот на нивната дејност;
- Доверливост и високо ниво на квалитет на услугата со цел да се зголеми задоволството на клиентите;
- Создавање услови за стабилен и одржлив успех и развој на организацијата;
- Пазарна конкурентност заснована на принципите на јавност и транспарентност;
- Мотивирање на сите вработени за меѓусебна соработка, придонесување за заеднички успех, ширење доверба и припадност кон организацијата;
- Постојано подобрување на ефективноста и ефикасноста на применетиот систем за управување со квалитет;
- Да се биде пример на пазарот во исполнување на највисоките стандарди;
- Имплементација на системот за управување со квалитет, вклучувајќи примена на PDCA циклус, процесен пристап и размислување засновано на ризици-можности.

30.06.2023

Управа на компанијата

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS ISO 14001 EMS
Porsche Macedonia DOOEL
Bul. Bosna & Hercegovina 4
1000 Skopje, North Macedonia
General Importer for the brands
Volkswagen, ŠKODA, Audi, SEAT
Volkswagen Commercial vehicles & Porsche
Tel. +389 2 26 26 266
Email: office@porsche.com.mk
Web: www.porsche.com.mk